# Резиме на Извештајот
# за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) во 2019 год.

✓ **Клучни резултати по приоритетни области:**

**ПО1: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор**

✓ *Воспоставен е независен, репрезентативен и ефективен Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор*

✓ *Зголемена е транспарентноста и објективноста при распределбата на средствата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации*

✓ *Подготвена е Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 год. до прва половина на 2019 год.) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од други земји и Предлог-модел на фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проекти*

✓ *Во употреба е нова веб-страница на Одделеленинето за соработка со невладини организации на Генералниот секртаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk*

***ПО2: Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија***

✓ *Подготвен е Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија*

✓ *Во употреба е нова надградена платформа на Единствениот национален електронски регистар на прописи www.ener.gov.mk*

✓ *Усвоена е Национална Стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам*

## *ПОЗ: Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој*



- ✓ *Со новиот Закон за социјална заштита утврдени се социјални услуги кои може да ги даваат здруженија и се воведуваат управни договори за давање на социјални услуги*
- ✓ *Со новиот Закон за јавни набавки, предвидени се резервирани јавни набавки за економски оператори чија основна цел е општествена и професионална интеграција на лицата со попреченост или на лицата од социјално ранливите групи и кои ја реинвестираат добивката за таа цел согласно закон*
- ✓ *Одржан Национален форум за волонтерство, отворена дебата за состојбите со законската регулатива за волонтерство и потребата од подготовка на нова Национална стратегија за промоција и развој на волонтерството 2020 -2025*

## **Имплементација на активностите по приоритетни области**










